# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 6/2021 Пробиштип 30.06.2021 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.50 одржана на ден 24.06.2021 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип со измена и дополнување за 2021 година бр. 26-678/3,
2. Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статут на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип бр. 26-678/4,
3. Одлука за давање согласност за формирање на паралалки со помал број на ученици во учебната 2021/2022 година во ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-678/5,
4. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2022 година бр. 26-678/6,
5. Одлука за давање согласност за формирање на паралалки со помал број на ученици во учебната 2021/2022 година во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 26-678/7,
6. Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статут на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 26-678/8,
7. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година –изменување бр. 26-678/9,
8. Одлука за основање на младински центар на Општина Пробиштип бр. 26-678/10,
9. Заклучок по Информација по барање за престанок на право на користење од ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-678/11,
10. Заклучок по барање од Митко Гичев од Злетово бр. 26-678/12-1,
11. Заклучок по барање од Савевска Арсов Марија од Пробиштип бр. 26-678/12-2,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-678/14
25.06.2021 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година, расправајќи по Програмата за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип со измена и дополнување за 2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип со измена и дополнување за 2021 година**

Член 1

Се усвојува Програма за работа на Општинската Установа Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип со измена и дополнување за 2021 година бр.02-89/1 од 08.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програма за работа на Општинската Установа Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип со измена и дополнување за 2021 година бр.02-89/1 од 08.06.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-678/3
24.06.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за установите (Службен Весник на РМ бр.32/2005, 120/2005, 51/2011) и член 21 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 29/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година донесе :

**ОДЛУКА**
**За давање Согласност на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар„ Пробиштип**

Член 1

Се дава согласност на Статутарната одлуката за измена и дополнување на Статутот на општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар„ Пробиштип бр. 01-92/1 од 10.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа согласност е Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар„ Пробиштип бр. 01-92/1 од 10.06.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-678/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.06.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 53 став 7 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип бр. 08-250/1 од 15.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки**
**со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за**
**учебната 2021/2022 година**

Член 1

***СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ*** на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2021/2022 година и тоа во:

**ООУ Никола Карев -Пробиштип** :

| Паралелк | II А | II Б | III А | III Б | VI А | VI Б | VI В | VII А | VII Б | VII В | VIII Б | IX А | IX Б | IX В |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | 18 | 17 | 17 | 18 | 18 | 18 | 17 | 14 | 14 | 15 | 19 | 18 | 18 | 17 |

**ПУ с. Стрмош:**

| Паралелка | Паралелка I одд. | Паралелека IV одд. |
|---|---|---|
| Ученици | 1 | 2 |

Член 2

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-678/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.06.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2022 година бр. 04-222/1 од 08.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2021 година бр. 04-222/1 од 08.06.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-678/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.06.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 53 став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип бр. 09-375/1 од 17.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2021/2022 година и тоа во:

**ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип:**

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| 1а | 17 |
| 1б | 16 |
| 2а | 19 |
| 3а | 18 |
| 3б | 18 |

| | |
|---|---|
| 4б | 19 |
| 5а | 18 |
| 5б | 16 |
| 6а | 16 |
| 6б | 16 |
| 6в | 16 |
| 8а | 19 |
| 8в | 18 |
| 9а | 16 |
| 9б | 16 |
| 9в | 15 |

**ПУ Злетово**

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| $2^1$ | 14 |
| $4^1$ | 13 |
| $5^1$ | 13 |
| $6^1$ | 13 |
| $6^2$ | 13 |
| $9^1$ | 19 |

**ПУ нас.Пробиштип**

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| прво | 17 |
| второ | 10 |
| трето | 14 |
| четврто | 8 |

**ПУ с.Ратавица**

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 4 ученици,
- 1 (една) комбинирана паралелка од четврто и петто одделение со 3 ученик.

**ПУ с.Добрево**

- 1 (една) паралелка од четврто и петто одделение со 1 ученик.

Член 2

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-678/7
24.06.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 26 став 4 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020) и член 21 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година донесе :

**ОДЛУКА**
**За давање Согласност на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип**

Член 1

Се дава Согласност на Статутарната одлуката за измена и дополнување на Статутот на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 01-268 од 10.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Согласност е Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 01-268 од 10.06.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-678/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.06.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на измена на годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година**

Член 1

Се дава согласност на измена на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 04-702/1 од 24.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е измената на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 04-702/1 од 24.06.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-678/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.06.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (СЛужбен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.10/2020), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За формирање на младински центар на Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука се формира младински центар на Општина Пробиштип.

Член 2

Младинскиот центар е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

Член 3

Со младинскиот центар на Општина Пробиштип за период од 3 до 5 години ќе раководи и ќе управува младинска организација или организација на млади регистрирани во регистарот .

Член 4

Општина Пробиштип ја распише јавен повик за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи и управува со младинскиот центар.

Младинските организации или организација на млади кои ќе аплицират за управување и раководење со Младинскиот центар се должни да поднесат:

- Годишна програма за работа,
- Годишен буџет за спроведување на предложената програма,
- Портфолио на организацијата.

Член 5

При изборот на младинската организација или организација на млади предност ќе имаат оние кои постојат повеќе од 3 години и Портфолио од кое јасно се гледа нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа.

Член 6

Општина Пробиштип ќе обезбеди дел од потребните средства за реализација на поднесената Програма, а останатите средства ќе треба да се обезбедат од други извори.

Член 7

По истекот на календарската година младинската организација или организација на млади е должна да достави до Советот на Општината Извештај за реализираната програма и Програма за наредната година.

Член 8

Општина Пробиштип има обврска финансиски да го подржи основањето и функционирањето на младинскиот центар.

Општината треба да обезбеду минимум услови за функционирање на младинскиот центар и тоа:

- Соодветен простор,
- Режиски трошоци за работа на центарот,
- Минимум мебел и техничка опрема,
- Минимум материјали за програмските активности.

Член 9

Канцеларијата за млади во Општина Пробиштип се наоѓа во просториите на Општинската установа Дом на култура Злетовски рудар во Пробиштип.

Чен 10

Во канцеларијата за млади се координира работата на младите во Општина Пробиштип и претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

Член 11

Општина Пробиштип ќе определи службеник за млади, лице одговорно за работењето на канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокруг на надлежностите на општината.

Член 12

Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:

1. Развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики,
2. Поддршка на работата на општините, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност,
3. Одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите,
4. Следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на органот на државната управа, општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите
5. Обезбедување информации и информирање на младите
6. Водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт,
7. Редовна комуникација со Агенција за млади и спорт,
8. Да биде контакт за сите младински прашања на органот на државната управа кон младите и јавноста.

Член 13

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-678/10  
24.06.2021 година  
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП  
ПРЕТСЕДАТЕЛ  
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година, разгледувајќи ја информацијата за престанок на правото на користење ООУ Никола Карев од Пробиштип, на недвижен имот сопственост на Република Северна Македонија, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. Се прифаќа Информација по барање за престанок на право на користење од ООУ Никола Карев Пробиштип на КП бр. 177 за КО Пишица, со препорака да ООУ Никола Карев Пробиштип го почитува мислењето од Министерството за образование бр. 18-7504/1 од 11.05.2021 година и Известувањето од Владата на Република Северна Македонија бр. 40.1-20/41 од 09.06.2021 година.

2. Заклучокот стапува во сила со донесувањето.

Број 26-678/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.06.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година, расправајќи по барањето од Митко Гичев од Злетово а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Митко Гичев ул. Македонија бр.261 од Злетово бр. 26-686/1 од 22.06.2021 година, за одобрување на парична помош за лекување на синот Борче Гичев од тешка болест тумор на мозок се прифаќа и се одобруват 50.000 денари како помош за лекување.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-678/12-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.06.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.06.2021 година, расправајќи по барањето од Савевска Арсов Марија од Пробиштип а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Савевска Арсов Марија ул. Паризанска бр.52 од Пробиштип бр. 26-540/1 од 11.05.2021 година, за одобрување на парична помош поради тешка финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 6.000 денари како финансиска помош на самохрана мајка во социјален ризик.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-678/12-2
24.06.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.